**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 14.03.2023 година

**СКОПЈЕ, МАРТ 2023 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Дваесет и четврттата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 14.03.2023 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Дваесет и треттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дваесет и треттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **26 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за заловување и третирање на територија на Општина Гази Баба за 2022 година;
2. Предлог - Одлука за регулирање на сообраќај во мирување и регулирање на наплата на комунална такса на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање - зонско на подрачјето на Општина Гази Баба;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2022 година;

5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2022 година;
6. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2023 - 2024 година;
7. Предлог - Одлука за донесување на Техничка исправка во ДУП за дел од УЗ Маџари 2, Урбан блок 5, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-3980/14 од 26.10.2011 година), за ГП 3.60, ГП 3.61, ГП 3.62, ГП 3.63, ГП 3.64, ГП 3.65, ГП 3.66, ГП 3.67, ГП 3.68 и ГП 3.69;
8. Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-2821 за КП 1217 КО Гази Баба;
9. Предлог - Одлука за примање на донација од г-дин Александер Долстра - промотер за здрава животна средина;
10. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година;
11. Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година; и
12. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2023 година.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за заловување и третирање на територија на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседавачот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Александар Каровски**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.03.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба, в.д директор на ЈП "Лајка" - Скопје, Радмила Пешева и членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Гордана Јовиќ - Стојковска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Никола Тутевски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Виолета Здравевска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Сафет Адеми (ДУИ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не го донесе** Заклучокот за усвојување на извештај за заловување и третирање на територија на Општина Гази Баба за 2022 година, со **25 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за регулирање на сообраќај во мирување и регулирање на наплата на комунална такса на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање - зонско на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба, помошник директорот на ЈП "Градски паркинг"-Скопје, Мато Гласновиќ и членовите на советот: Дарко Стојановски (Левица), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за регулирање на сообраќај во мирување и регулирање на наплата на комунална такса на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање - зонско на подрачјето на Општина Гази Баба, со **18 гласа "ЗА", 2 гласа "ПРОТИВ" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **м-р Соња Зашовска**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.03.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, со **20 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2022 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.03.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Атанасовски и членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2022 година, со **18 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2023 - 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2023 - 2024 година, со **17 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Техничка исправка во ДУП за дел од УЗ Маџари 2, Урбан блок 5, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-3980/14 од 26.10.2011 година), за ГП 3.60, ГП 3.61, ГП 3.62, ГП 3.63, ГП 3.64, ГП 3.65, ГП 3.66, ГП 3.67, ГП 3.68 и ГП 3.69.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Дејан Митески.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Техничка исправка во ДУП за дел од УЗ Маџари 2, Урбан блок 5, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-3980/14 од 26.10.2011 година), за ГП 3.60, ГП 3.61, ГП 3.62, ГП 3.63, ГП 3.64, ГП 3.65, ГП 3.66, ГП 3.67, ГП 3.68 и ГП 3.69, со **21 глас "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-2821 за КП 1217 КО Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-2821 за КП 1217 КО Гази Баба, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање на донација од г-дин Александер Долстра - промотер за здрава животна средина.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.03.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање на донација од г-дин Александер Долстра - промотер за здрава животна средина, со **22 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, со **18 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше претставникот од општинската администрација, секретар на општината - Невенка Стаменковска Стојковски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 5 гласа "ПРОТИВ"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Дваесет и четвртата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **15:25** часот.

**Број 09-2552/2**
**од 10 април 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот